OPEN RIVERS PROGRAMME

# ФОНД ЗА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ БАРИЕРИ ВО ВАШАТА ЗЕМЈА

Нашата мисија е да ги обновиме загрозените европски реки преку поддршка на иницијативи што водат до отстранување на мали препреки и еколошка обнова на речниот тек и биодиверзитетот.



## НАШИТЕ ЦЕЛИ

До 2029 година, програмата ќе овозможи илјадници километри реки повторно да течат слободно. Нашата крајна цел е да отстраниме 500 бариери во европските реки, отворајќи 5.000 километри речни живеалишта.

Нашите грантисти играат клучна улога во постигнувањето на оваа амбициозна цел, додека остануваме посветени за поддршка на нови организации и што е можно повеќе проекти со значително влијание. За да ги погледнете иницијативите финансирани од програмата, посетете ја openrivers.eu.

openrivers.eu

Una River, Bosnia and Herzegovina © Jan Pirnat

## ЗА ПРОГРАМАТА
### OPEN RIVERS PROGRAMME

European Open Rivers Programme е фонд за еколошка обнова, кој произлезе од двегодишно истражување и соработка со засегнати страни, при што беше воочено дека реките во Европа се фрагментирани со повеќе од еден милион бариери (на пр. Прагови каскади, брани, премини), а постои огромен потенцијал за еколошка обнова преку отстранување на над 150.000 застарени прегради и мали брани.

Програмата е поддржана со донација од 42,5 милиони евра од Arcadia. Од 2021 година, нуди грантови за проекти во Европа што водат до отстранување на мали бариери и обнова на речниот тек и биодиверзитетот.




*Before and after the removal of the Molino de Zúñiga dam on the Ega River, Spain, 2024. © CIREF*

## КЛУЧНИ КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ
### НА ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

- Да се наоѓаат во Европа (на Европскиот континент)
- Да ко-финансираат најмалку 50% од трошоците на проектот – поголемиот дел од трошоците треба да биде наменет за уривање на бариера (категорија А3) или за технички проекти и основни студии за изводливост (категорија B)*
- Мора да управуваат со водни ресурси и да имаат докажано искуство во отстранување бариери или обнова на реки
- Да покажат подготвеност за формирање партнерства со невладини организации и други засегнати страни за имплементацијата на проектот
- Да се фокусираат на отстранување на мали бариери, обично високи 1 до 3 метри, и целосно да ја отстранат браната по нејзината цела вертикална должина
- Времетраење на проектот: вообичаено 12 месеци
- Резултатите од проектот треба да доведат до значително еколошко влијание

Проекти што вклучуваат рибни патеки – вклучително и природни канали, камени рампи или решенија што задржуваат речни прагови – нема да бидат подобни за финансирање. Целосните критериуми за подобност и релевантни информации за апликантите се достапни во Водичот за информации, на openrivers.eu

**Ве молиме имајте предвид дека обично не поддржуваме трошоци за персонал, патувања, комуникации, настани или дозволи за јавни институции.*

## ГРАНТОВИ ДОСТАПНИ
### ЗА ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

Нашите грантови се достапни за добротворни организации, организации со непрофитен статус (НВО) и јавни институции. Критериумите за јавните институции се различни од оние за НВО апликанти. Програмата ја дефинира јавната институција како одделение, агенција, орган, комисија или кое било друго тело основано со законски акт за јавни цели или за општото добро.

**Јавни институции кои аплицираат како водечки проектни партнери имаат право да аплицираат за грант од категорија А3 или B и треба да обезбедат најмалку 50% кофинансирање од трошоците на проектот.** Водечкиот партнер е главниот апликант на програмата и ќе биде одговорен за управување со проектот. Јавните администрации сè ќе уште можат да аплицираат за други типови грантови како на пример во партнерство со локална или национална НВО.

**А3 | Отстранување на бариери**:
Грантовите од категорија А3 финансираат отстранување на бариера каде што не е потребна претходна подготовка, или таквата подготовка веќе е финансирана од трета страна.

**B | Овозможување на други да отстрануваат бариери**:
Грантовите од категорија B поддржуваат претходни подготовки за уривање на бариери, кога финансирањето за самото отстранување е обезбедено од друг финансиер.



*Hučava weir removal, Slovakia, 2021. © Rob Kleinjans*

## КАЛЕНДАР
### И ПРОЦЕС НА АПЛИЦИРАЊЕ

Open Rivers Programme објавува три повици за апликации секоја година – во **февруари**, **јуни** и **октомври**.

Апликациите мора да се поднесат преку нашата **онлајн платформа** и ги прегледува техничка, независна експертска комисија. Највисоко рангираните проекти што се вклопуваат во нашиот буџет ќе бидат ставени во потесен избор.

Клучните датуми за следните повици за апликации се достапни на openrivers.eu.

За конкретни прашања, контактирајте го ORP тимот на applications@openrivers.eu.